придонес и низ таа борба го обезбедуваа патот на заедништвото, слободното и рамноправно живеење. Во заклучната дебата на собирот беше посебно истакната потребата со работата на истиот да се запознаат општествено-политичките фактори во нашата земја пред сè Сојузот на комунистите, Социјалистичкиот сојуз, Сојузот на борците кои заинтересирано го следат овој проблем и секако ќе придонесат за успешното продлабочување на работата поставена на научниот собир.

Собирот ја заврши својата работа во духот на сеопшто расположение и задоволство на присутните што беше едногласно изразено и на пријателниот заеднички прием што го приредија љубезните и гостољубиви домаќини на градот Дарувар, кои навистина многу сторија собирот да биде добро организиран и да протече на најзавидно ниво.

Растислав ТЕРЗИОСКИ

## НАУЧЕН СОБИР „РАСВЕТЛУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ПАТ И ДЕЛОТО НА НИКОЛА ПЕТРОВ — РУСИНСКИ"

Во рамките на прославата на 80-годишнината од Илинденското востание и 40 години од смртта на Никола Петров Русински, а во организација на Одборот за прослава, Институтот за национална историја, Филозофско-историскиот факултет и Домот на културата — Берово, од 28 до 29 октомври.. во Берово и во с. Русиново беше одржан научен собир посветен на расветлувањето на животниот пат и делото на Н.П. Русински.

На свеченото отворање на Собирот, покрај голем број научни работници, професори, и ученици присуствуваа: преседателот на МАНУ, академикот д-р Михаило Апостолски, доп. член проф. д-р Данчо Зографски — директор на Институтот за национална историја и други истакнати општествено -политички и културни работници.

Собирот го отвори претседателот на одборот за прослава — дипл. прав. Боро Дракалски, кој од името на собранието на Општината, општествено-политичките организации и граѓаните ги поздрави присутните на овој научен собир. Присутните на овој научен собир ги поздрави и преседателот на Собранието на Општината Берово — дипл. прав. Благој Алексов, кој им посака плодна работа и пријатен престој во Малешевијата. Од името на МАНУ собирот го поздрави претседателот Михаило Апостолски, од името на Институтот за национална историја доп. член д-р Данчо Зографски а од името на Историско-Филозофскиот факултет д-р Димитар Димески. Во продолжението на свеченото отворање мандолинскиот оркестар при ЦОУ „Никола Петров-Русински" од с. Русиново приреди пригодна програма. Откако заврши свечениот дел беше откриена биста на Никола Петров Русински пред која за животот и делото на Русински зборуваше претседателот на ССРНМ за општина Берово Никола Агоски, а свеченото откривање го изврши академикот Михаило Апостолски.

Во работниот дел на научниот собир беа изнесени 15 реферати. Сите теми беа значајни зашто секоја од нив научно ја расветлуваше долгогодишната революционерна и социјалистичка дејност на истакнатиот македонски револуционер Н.П. Русински, кој од рана младост до крајот на својот живот ѝ се посвети на борбата за национална и социјална слобода на македонскиот народ.

Првото предавање на тема „Улогата и местото на Н.П. Русински во македонското револуционерно-националноослободително и социјалистичко движење" го одржа доп. член проф. д-р Данчо Зографски. Зборувајќи за неговиот животен пат тој подвлече дека Русински зазема челно место меѓу социјалистите кои „Со пушка в рака" беа најпотребни и најполезни за револуционизирање на народните маси и за ширење и правилно насочување на Македонското ослободително движење. Придонесот на Русински во ширењето на социјалистичките идеи за организирано класно освестлување и активирање на македонското работништво е доволна причина и оправдување за соодветно ценење на неговата улога и место во Македонското револуционерно и национално ослободително движење.

Во својот реферат проф. д-р Христо Андонов-Полјански зборуваше за блиските односи и соработката на Русински со предводникот на македонското револуционерно дело Гоце Делчев. Тој подвлече дека несебичната посветеност на големиот малешевец кон националноослободителното и револуционерно дело, и неговото ангажирање во пропагирањето и ширењето на социјалистичките идеи во Македонија го свртеле вниманието на Гоце Делчев.

За револуционерниот пат на Русински реферат поднесе д-р Димитар Димески под наслов „Придонесот на Русински во Битолскиот револуционерен округ (1901—1903)" Прилогот на м-р Трајановски носи наслов „Револуционерната дејност на Н.П. Русински во Демирхисарско-Крушевскиот реон во првата половина на 1901 година", а на д-р Крсте Битоски: „Учеството на Русински на Смилевскиот конгрес". За придонесот на Н.П. Русински во изучувањето на воената вештина меѓу борците реферат поднесе генерал Петар Пепељуговски на тема: „Придонесот на Н.П. Русински во развојот на воената организација на окружните сили на Македонската револуционерна организација".

По поднесените реферати се разви дискусија во која прв збор зеде академикот Михајло Апостолски. Тој направи споредба меѓу воената организација во Илинденското востание и истата во НОБ. Во дискусијата зедоа збор и други учесници на научниот собир.

Попладне во присуство на голем број гости и научни работници во Историскиот музеј во Берово беше отворена спомен соба на Н.П. Русински. За животниот пат и делото на Русински зборуваше началникот за општествени дејности при СО Јован Реповски.

Вечерта беше одржана на свечена академија на која пред граѓаните од општината за ликот и делото на Русински зборуваше доп. член проф. д-р Данчо Зографски.

Научниот собир својата работа ја родолжи во саботата (29.10.) Во рефератот што го поднесе проф. д-р Војо Кушевски „Каде и зошто Никола Петров Русински ја истакнал Цицероновата определба за историјата," се задржа на револуционерната, просветната и агитационата работа на Русински.

Д-р Орде Иваноски поднесе реферат на тема: „Односот на Русински кон туѓите пропаганди во Македонија", а за Македонското револуционерно движење, за почетоците и ширењето на социјалистичките идеи меѓу Македонците, за првите контакти и активности со основоположникот на социјалистичките идеи во Македонија — Васил Главинов зборуваше д-р Михаило Георгиевски во својот реферат „Национално-револуционерните и социјалистички погледи на Н.П. Русински изнесени во неговите публикувани трудови од 1935 и 1936 година".

Д-р Вера Весковиќ-Вангели поднесе реферат на тема:: „Некои ставови на Русински по женското прашање",

А гостинот од Н.Р. Кина Ма Сипу на тема „Одгласот на НОВ и Револуцијата на Југославија во кинескиот печат", кој предизвика посебен интерес.

Сеќавања за Н.П. Русински од современиците изнесе неговиот внук проф. Благој Чукарски. Последен реферат поднесе д-р Ристо Поплазаров на тема: „Учеството на Малешевци во 60-тите и 70-тите години на XIX век во Кресенското востание". Д-р Ристо Поплазаров зборуваше за Разловечкото и Кресенско-Разлошкото востание и за весникот „Малешевски Балкан" кој излегувал во Софија во 1897 година.

По изнесените реферати се разви плодна дискусија во која зеде учество, покрај научните работници и гостите, и епископот Горазд. Во дискусијата се констатира дека научниот собир, со својот работен карактер, ги даде очекуваните резултати, и дека треба да биде основа за натамошни истражувања.

Председателот на организациониот одбор Боро Дракалски им се заблагодари на учесниците и другите присутни на научниот собир кој придонесе да се расветли ликот и делото на Н.П. Русински со што работниот дел на научниот собир заврши.

Потоа учесниците и гостите го посетија селото Смојмирово, каде за животот и делото на Јане Сандански зборуваше секретарот на ОК на СКМ Славчо Младеновски а бистата на Јане Сандански ја откри д-р Данчо Зографски.

Оттаму беше посетено родното село на Н.П. Русински каде беше положено свежо цвеќе на бистата пред училиштето кое го носи неговото име, а беше одржан и историски час на кој за ликот и делото на Русински зборуваа наставникот Белчовски Јован и д-р Данчо Зогравски. Потоа пред учениците и населението од с. Русиново Дарко Дамески ја изведе монодрамата „Ахил".

Глигор ПОСТОЛОВСКИ
Глигор МАМУЧЕВСКИ